FARMA TREJD

Почитуван здравствен работник,

Фарма Трејд како носител на одобрение за ставање на лек во промет, ја извести Агенцијата за лекови и медицински средства за доброволно повлекување на лекот Minirin 0.1 mg/1 ml, спреј за нос, раствор од промет.

Производителот донесе одлука за повлекување на лекот од промет како резултат на утврдена неисправност на квалитетот на одредени серии на лекот при нивна повторна контрола, при што бил воочен намален волумен на растворот во поединечните шишиња, и притоа бил добиен резултат надвор од одобрената спецификација за концентрацијата на активната супстанција desmopressin и ексципиенсот бензалкониум хлорид. Од превентивни причини од македонскиот пазар се повлекуваат сите серии на овој лек.

Воедно, сакаме да Ве известиме дека на македонскиот пазар за терапија на дијабетес инсипидус од централен тип е достапен лекот MINIRIN® 0.2 mg, таблета.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да го контактирате носителот на одобрението за ставање на лекот во промет Фарма Трејд (02/3298 782; contact@farmatrejd.com.mk)

Носителот на одобрението за ставање на лекот во промет Фарма Трејд го достави ова известување на сите релевантни здравствени установи се со цел соодветно информирање и одржување на континуитет во лечењето на пациентите со дијабетес инсипидус од централен тип.

Ве молиме наведените информации да ги пренесете на сите здравствени работници во Вашата здравствена установа.

Во прилог Ви доставуваме Збирен извештај за особините на лекот MINIRIN® 0.2 mg, таблета.

Ви благодариме на соработката,

Агенција за лекови и медицински средства / Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore • SHKUP • СКОПЈЕ

Со почит,
Фарма Трејд

Скопје, 20.07.2020

**Farma Trejd dooel**
Anton Popov 1/1-3
1000, Skopje
Macedonia
Tel +389 2 3298 782
Fax +389 2 3298 782
contact@farmatrejd.com.mk